3.Со оваа Одлука се овластува Градоначалникот на општината Македонски Брод да склучува Спогодби со сопствениците на парцелите за исплата на надоместокот.

4.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

**Бр.07 - 862 / 7**
**31. 10 .2013 год.**
**Македонски Брод**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
. **на Советот на Општина Македонски.Брод**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања за локалните избори 2013 година за членови на совет на општина Македонски Брод и градоначалник**

Се објавува **Одлуката за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања за локалните избори 2013 година за членови на совет на општина Македонски Брод и градоначалник,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година.

**Бр.08 – 862 / 27**
**05.11.2013 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 86 став 4 од Изборниот законик „(Сл.весник на РМ“ бр.40/06,136/08,44/11,51/11,142/12,31/13 и 34/13),член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02),и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31 октомври 2013 година, донесе

## О Д Л У К А

**За надоместок на трошоците за избори на организаторите на изборната кампања за локалните избори 2013 година за членови на совет на општина Македонски Брод и градоначалник**

### Член 1

Организаторите на изборната кампања чии кандидати се избрани за членови на Совет и Градоначалник имаат право на надомест на трошоци за избори во висина од 15 денари по добиен глас.

### Член 2

Согласно добиените гласови за избор на членови на Совет на општина Македонски Брод и градоначалник,средствата се распоредуваат на следните организатори на изборната кампања:

**За избор на членови на Совет на општина Македонски Брод**

| | | |
|---|---|---|
| -Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 423 гласови | 6.345 денари |
| -Група избирачи Игор Дабески | 328 гласови | 4.920 денари |
| -Коалиција СДСМ | 559 гласови | 8.385 денари |
| -Група избирачи Љупка Јаковлеска | 287 гласови | 4.305 денари |
| -Група избирачи Драган Николоски | 253 гласови | 3.795 денари |
| -Група избирачи Борис Милески | 192 гласови | 2.880 денари |
| -Група избирачи Синиша Смилески | 269 гласови | 4.035 денари |
| -Група избирачи Ивица Димоски | 232 гласови | 3.480 денари |
| -Група избирачи Александар Максимоски | 228 гласови | 3.420 денари |

**За градоначалник**

| | | |
|---|---|---|
| -Коалиција ВМРО-ДПМНЕ | 2831 гласови | 42.465 денари |

**Член 3**

Организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за член на Совет односно кандидат за Градоначалник,имаат право на надомест за изборни трошоци во висина од 15 денари по добиен глас,кои освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број на гласови од излезените граѓани на ниво на општина.

**За членови на совет на општина Македонски Брод**

| | | |
|---|---|---|
| -Српска напредна странка во Македонија СНСМ | 78 гласови | 1.170 денари |
| -Народно движење на Македонија НДМ | 71 гласови | 1.065 денари |
| -Социјал демократска партија на Македонија СДПМ | 159 гласови | 2.385 денари |
| -Група избирачи Роберт Маркоски | 169 гласови | 2.535 денари |
| -Група избирачи Јасмина Цветаноска | 103 гласови | 1.545 денари |
| -Група избирачи Душан Србиноски | 170 гласови | 2.550 денари |
| -Група избирачи Раде Златески | 179 гласови | 2.685 денари |
| -Група избирачи Драшко Пројкоски | 157 гласови | 2.355 денари |
| -Група избирачи Дејан Ристески | 191 гласови | 2.865 денари |
| -Група избирачи Виолета Столеска | 114 гласови | 1.710 денари |
| -Група избирачи Тони Ѓуроски | 144 гласови | 2.160 денари |

**За градоначалник**

| | | |
|---|---|---|
| -Коалиција СДСМ | 1364 гласови | 20.460 денари |

**Член 4**

Исплатата на надоместокот на трошоците за избори ќе се исплати од Буџетот на општина Македонски Брод,со посебно решение.

**Член 5**

На организаторите на изборна кампања кои во пропишаниот рок не доставиле финансиски извештаи до Државната изборна комисија,Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата,се запира исплатата на надоместокот на трошоците за изборна кампања,согласно Одлуката на Државната изборна комисија Бр.11-2377/1 од 05.09.2013 год.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 07- 862 / 8**
**31.10. 2013 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 98-а став 1, алинеја 2 од Законот за заштита на децата-пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.170/2010), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31 Октомври 2013 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОЈУ-ДЕТСКА ГРАДИНКА 7-ми СЕПТЕМВРИ МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2013/2014 ГОДИНА

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, ја усвои Годишната програма за работа на ОЈУ-детска градинка 7-ми Септември Македонски Брод за 2013/2014 година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 862/9 — Совет на општина Македонски Брод

31.10.2013 година — Претседател,

Македонски Брод — Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 126 став 1,алинеја 2 од Законот за основното образование (Сл.весник на РМ бр.103/08,33/10,116/10,156/10 и 18/11,6/12.100/12 и 24/13), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31октомври 2013 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Годишен извештај за реализација на Годишната Програма 2012/13 и Програма за работа за 2013/14 година на ООУ„Св.Климент Охридски“ – Македонски Брод**

**1.** Советот на Општина Македонски Брод го усвои Годишниот извештај за реализација на Годишната програма за работа за 2012/13 и Програма за работа за 2013/14 годин на ООУ „Свети Климент Охридски“ Македонски Брод.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

Број 07- 862/ 10 — Совет на општина Македонски Брод

31.10.2013 година — Претседател,

Македонски Брод — Дарко Трајкоски с.р.

Врз основа на член 89 а став 1, алинеја 2 од Законот за измена и дополнување на Законот за средно образование (Сл.весник на РМ бр.67/2004), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02),член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.2/2003) Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31 Октомври 2013 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА 2012/2013 ГОДИНА И ПРОГРАМА ЗА РАБОТА 2013/14 ГОДИНА НА СОУ „ СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ“ МАКЕДОНСКИ БРОД

**1.** Советот на Општина Македонски Брод, го усвои Годишниот извештај за работа на СОУ „Свети Наум Охридски“ Македонски Брод за 2012/2013 и Програма за работа за 2013/14година.

**2**. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Македонски Брод.

.

**Број 07- 862/11**

**31.10.2013 година**

**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за корекција на цените за комунални услуги на ЈП„Водовод и канализација„- Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за корекција на цените за комунални услуги на ЈП„Водовод и канализација„ - Македонски Брод,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година.

**Бр.08 – 862 / 27**
**05.11.2013 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр./2003), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година, донесе

# О Д Л У К А

## За корекција на цените за комунални услуги на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод

### Член 1

Со оваа Одлука се потврдува одлуката на Управниот одбор на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод за корекција на цените за комунални услуги.

### Член 2

Се задолжува ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод да го применува ценовникот за услугите донесен од страна на Управниот одбор на ЈП„Водовод и канализација„ -Македонски Брод

### Член 3

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 862 /12**
**31.10. 2013 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање од 24.10.2013 година од М.З. Могилец, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод не го прифати барањето поднесено од М.З. с.Могилец – Македонски Брод за поставување на улично осветлување до црквата Св.Архангел Михаил во село Могилец.

2.Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 862/13**
**31.10.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за задолжување на ЈП„Водовод и канализација„- Македонски Брод за собирање на комунален отпад во село Девич**

Се објавува **Одлуката за задолжување на ЈП„Водовод и канализација„- Македонски Брод за собирање на комунален отпад во село Девич,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година.

**Бр.08 – 862 / 27**
**05.11.2013 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.весник на РМ бр.58/2002) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник на општина Македонски Брод бр./2003), по поднесено барање од М.З..Девич, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година, донесе

# О Д Л У К А

## За задолжување на ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во село Девич

**Член 1**

Со оваа Одлука се задолжува ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод за собирање на комунален отпад во село Девич.

**Член 2**

Се задолжува ЈП "Водовод и канализација" Македонски Брод по влегување на сила на оваа Одлука да ја вметне во Програмата за работа на ЈП за 2013/2014година и истата започне да ја применува од 01.12.2013 година со тоа што ќе започне и со пресметување на услугите на корисниците на оваа услуга.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 07 - 862 /14**
**31.10. 2013 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за одобрување на парични средства за изградба на резервоар за вода во с.Ижишта -Македонски Брод**

Се објавува **Одлуката за одобрување на парични средства за изградба на резервоар за вода во с.Ижишта -Македонски Брод,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година.

**Бр.08 – 862 / 27**
**05.11.2013 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по барање од М.З. с.Ижишта, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година

# О Д Л У К А

**за одобрување на парични средства за изградба на резервоар за вода во с.Ижишта –Македонски Брод**

**Член 1**

Согласно оваа одлука на м.з с.Ижишта и се одобруваат парични средства за адаптација - изградба на резервоар во вид на таложник на новопронајден извор за пивка вода м.в. Оливерец од село Ижишта во износ од 15.000,00 денари.

**Член 2**

Се задолжуваат службите при општина Македонски Брод да ја спроведат одлуката.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 862 / 15**
**31.10.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање 07-837 од лицето Славе Блажески ул.И.И.Цветан бр.30 Македонски Брод, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок за зафаќање - регулација на атмосферските води на ул..15,, - Македонски Брод која е во фаза на изградба според предмер пресметка изработена од стручните служби од Секторот за урбанизам во општина Македонски Брод.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 862 / 16**
**31.10.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање од 07- 841 од М.З. Брест, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок со кој се задолжуваат службите од општината да излезат на лице место и предложат решение во однос на проблемот во зимски услови на регионалниот пат до село Брест на м.в. Балиоски дол.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 862/17**
**31.10.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот  за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање од 07- 693  од М.З. Растеш, Советот на општина Македонски Брод  на седницата одржана на ден 31.10.2013 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод за адаптација и доградба на пристапен пат во атарот на с.Растеш во правец на село Требовље   донесе заклучок за изготвување на проект од страна на  М.з Растеш  со учество од 20% на месното население и 80% на општина и го достави до општината за понатамошно постапување.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 862/18**
**31.10.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање од 07- 750 од М.З. Инче, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок за чистење на свлечишта од земја, гранки и одводни канали по локалните патишта во селата на општина Македонски Брод .

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 862/19**
**31.10.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање од 07- 847 од Иваноски Тони од Македонски Брод ул.„Првомајска" бр.25, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод не го прифати барањето и го упатува барателот да се обрати до Центарот за социјална работа надлежен за постапување на барања од социјален карактер .

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 862/20**
**31.10.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), по доставено барање од 07- 866 од М.З. Битово, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод донесе заклучок да се информира м.з од с.Битово дека за секој водовод е потребен проект во кој за изработка со 20% учествува месната заедница а со 80% општината, а општината ќе обезбеди средства за реализација..

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 862/21**
**31.10.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за Локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.05/2002) и член 21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник на општина Македонски Брод бр.2/03 год), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година донесе:

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод по опширна дискусија во однос на прекопите што се направени преку асфалтот по улиците за пренос на цевки за вода констатира комуналните редари да ги утврдат состојбите и им укажат на сторителите дека треба за изведбите да добијат согласност од општината и после извршените работи да се врати во првобитната состојба направениот прекоп на улицата.

**2**.Советот на општината исто така по однос на дискусијата за отворениот канал Лоштица предложи комуналните редари, да ја проверат состојбата и превземат мерки против граѓаните кои го користат каналот за секаков отпад, да се спречат таквите состојби поради ширење на непријатна миризба и разни зарази.

**3**. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 862/22** **Совет на општина Македонски Брод**
**31.10.2013година** **П р е т с е д а т е л,**
**Македонски Брод** **Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод по опширна дискусија во однос на Одлуката за исплата на надоместок на трошоците на организирање на изборна кампања за локални избори 2013 година донесе заклучок да се информираат надлежните органи дека дел од независните советници во Советот на општината Македонски Брод тврдат дека имаат доставено финансиски извештаи по електронска пошта а се изземени од исплатата. Со овој заклучок да се запознаат надлежните институции.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 862 / 23**
**31.10.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл.21 ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година донесе

# З А К Л У Ч О К

1.Советот на општина Македонски Брод ја разгледа состојбата со телевизискиот сигнал на подрачјето на општината Македонски Брод, поради слабиот телевизиски сигнал се задолжува Советот за Радио Дифузија на РМ за превземање на одредени мерки за подобрување на сигналот.

2. Заклучокот влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.07- 862/24**
**31.10.2013година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За објавување на Одлуката за набавка на знамиња**

Се објавува **Одлуката за набавка на знамиња,** што е донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година.

**Бр.08 – 862 / 27**
**05.11.2013 година**

**Општина Македонски Брод**
**Градоначалник,**
**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 т.15 од Законот за локалната самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и чл 21.ст.1 од Статутот на општина Македонски Брод (Сл.Гласник 02/03), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 31.10.2013 година донесе

# О Д Л У К А
## За набавка на знамиња

### Член 1

Согласно оваа одлука за потребите на општина Македонски Брод да се набават 50 државни знамиња и 50 знамиња на општината Македонски Брод со средна големина, едно државно знаме и едно знаме од општината со голема форма

### Член 2

За набавка на знамиња се овластува градоначалникот на Општина Македонски Брод да се спроведе набавка согласно Законот за јавна набавка и Законот за користење и располагање со движни ствари во сопственост на органите на државната управа.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр. 07- 862/25**
**31.10.2013 год**

**Совет на општина Македонски Брод**
**П р е т с е д а т е л,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

Заклучок за објавување на Измената и дополната на Буџетот на општина Македонски Брод за 2013 година и Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2013 година ........................................................ стр. 2

Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2013 година ........................................................................................................ стр. 3

Заклучок за усвојување на квартален извештај К1 за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 – квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 – квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општината и ЈП основани од општината ................................................................. стр. 10

Заклучок за објавување на Измена и дополна на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште на подрачјето на општина Македонски Брод ........................................................................................ стр. 11

Измена и дополна на Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на општина Македонски Брод за 2013 година ....................................................................... стр. 12

Заклучок за објавување на Одлуката за управување и одржување на градските гробишта ............................................................................................................ стр. 18

Одлука за управување и одржување на градските гробишта ...................... стр. 19

Заклучок за објавување на Одлуката за исплата на надомест за парцели кои се опфатени со изградба на патот за с.Требовље по претходно изработени елаборати ........................................................................................................................ стр. 21

Одлуката за исплата на надомест за парцели кои се опфатени со изградба на патот за с.Требовље по претходно изработени елаборати ...................................... стр. 22

Заклучок за објавување на Одлуката за надоместок на трошоците на организаторите на зиборната кампања за локалните избори 2013 година за членови на совет на општина Македонски Брод и градоначалник ........................................... стр. 23

Одлука за надоместок на трошоците за избори на организаторите на зиборната кампања за локалните избори 2013 година за членови на совет на општина Македонски Брод и градоначалник ............................................................................... стр. 24

Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на ОЈУ Детска градинка 7-ми Септември Македонски Брод за 2013/2014 година ......................... стр. 27

Заклучок за усвојување на Годишен извештај за реализација на Годишната програма 2012/2013 година и Програма за работа за 2013/2014 година на ООУ „Св.Климент Охридски“ – Македонски Брод ........................................................ стр. 28

Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа 2012/2013 година и Програма за работа за 2013/2014 година на СОУ „Св.Наум Охридски“ – Македонски Брод ........................................................................................................ стр. 29

Заклучок за објавување на Одлуката за корекција на цените за комунални услуги на ЈП „Водовод и канализација“ – Македонски Брод ................................ стр. 30

Одлука за корекција на цените за комунални услуги на ЈП „Водовод и канализација“ – Македонски Брод .......................................................................... стр. 31

Заклучок по барање на М.З. с.Могилец ...................................................... стр. 32

Заклучок за објавување на Одлуката за задолжување на ЈП „Водовод и канализација“ – Македонски Брод за собирање на комунален отпад во с.Девич .. стр. 33

Одлука за задолжување на ЈП „Водовод и канализација“ – Македонски Брод за собирање на комунален отпад во с.Девич ............................................................... стр. 34

Заклучок за објавување на Одлуката за одобрување на парични средства за изградба на резервоар за вода во с.Ижишта – Македонски Брод ........................... стр. 35

Одлука за одобрување на парични средства за изградба на резервоар за вода во с.Ижишта – Македонски Брод ......................................................................... стр. 36

Заклучок за зафаќање – регулација на атмосферски води ........................... стр. 37

Заклучок по барање на М.З. с.Брест............................................................. стр. 38

Заклучок  по барање на М.З. с.Растеш ......................................................... стр. 39

Заклучок по барање на М.З. с.Инче ............................................................. стр. 40

Заклучок ......................................................................................................... стр. 41

Заклучок по барање на М.З. с.Битово .......................................................... стр. 42

Заклучок ......................................................................................................... стр. 43

Заклучок ......................................................................................................... стр. 44

Заклучок ......................................................................................................... стр. 45

Заклучок за објавување на Одлуката за набавка за знамиња ....................... стр. 46

Одлука за набавка на знамиња ...................................................................... стр. 47